**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**„Методи Митевски - Брицо“ Лозово**

**за период од 2023 до 2027 година**



**Јануари, 2023**

**Преамбула**

ООУ „Методи Митевски Брицо" , Лозово ја изготви Развојната програма на училуштето:

- **врз основа на Законот за основно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр 161 од 05.08.2019 година**,

Член 49

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во период од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно стратешките и концепциски документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежни институции.

- **врз основа на Правилникот за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште** , односно:

Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и Годишна програма за работа на основното училиште.

Член 2

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно- образовната работа на училиштето.

**Содржина**

**Вовед**

1. **Податоци за основното училиште**
    1.1. Идентификациони податоци за училиштето
    1.2. Историјат на основното училиште
    1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта

2. **Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**
    2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
    2.2. Работен стаж на вработените
    2.3. Простор
    2.4. Опрема и наставни средства
    2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

3. **Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма**

4. **Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**
    4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)
    4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)

5. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)**

6. **Мисија и визија на основното училиште**

7. **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**

8. **Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

**9. Соработка на основното училиште со општина, институции од областа на образованието, НВО и др**

**10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште**

**11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште**

**12. Заклучок**

**13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

**14. Користена литература**

## Вовед

Во Развојната програма на училиштето се дефинирани приоритетните подрачја на делување за наредниот четиригодишен период, стратешките цели, развојните и конкретните цели на делување:

Во наредниот период се определивме да делуваме на четири стратешки цели и тоа :

- **Поддршка и осовременување на наставата и учењето**
- **Подобрување на инфраструктурата на училиштето**
- **Грижа за здравјето и безбедноста**
- **Комуникација и соработка**

Развојната програма се заснова на:

- Закон за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници во основните училиште:
- Закон за работни односи:
- Наставни планови и програми:
- Концепција за воннаставни активности во основното образование:
- Правилник за формата и содржината на Развојна и Годишна програма на основно училиште:
- Годишен извештај за работат на училиштето:
- Извештај од Самоевалуација на училиштето 2020/21 и 2021/22 г:
- Извештај од интегрална евалуација 2019 г:

**1. Податоци за основното училиште**

1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Методи Митевски Брицо“ |
| Адреса | Ул. Маршал Тито , бб Лозово |
| Телефон | 032 458 005 032 458 996 |
| Место, општина | Лозово, Лозово |
| Веб-страница | http://www.metodimitevskibrico.edu.mk |
| Е-маил | mmbricolozovo@gmail.com |
| Ден на училиштето | 15 Април |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1286 м2 |
| Училиштен двор (m2) | 1275 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | 4<br>ПУ Дорфулија, ПУ Каратманово, ПУ Милино, ПУ Сарамзалино |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 300 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 202 |
| Број на паралелки | 21 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | една |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

1.2.Историјат на основното училиште

Основното училиште "Методи Митевски - Брицо" - Лозово, се наоѓа на почетокот на главната улица во Лозово, со простран училишен двор, спортска сала и детски игралишта.

Училиштето со работа започнува во далечната 1950 година под името ,,Напредок,,

Училиштето својата дејност ја започнало во постојниот објект од учебната 1964/65 год.со ново име во чест на Методи Митевски-Брицо истакнат партизан и министер за образование во владата на СРМ, кој трагично го загубил животот во водите на Охридското Езеро спасувајќи дете од давење.

Училиштето во текот на своето долгогодишно работење има претрпено повеќе позитивни промени и тоа:

- Уредување и бетонирање на пристапот до главната училишна зграда и во подрачните училишта;
- Реновирање на санитарните јазли во централното и подрачните училишта;
- Замена на столарија со енергетски поефикасна во сите објекти;
- Воведување на централно топловодно греење во сите објекти освен во едно подрачно;
- Замена на азбестниот покрив на централната зграда со нов еколошки прифатлив;
- Изградба на енергетски ефикасна фасада на централната зграда;
- Изградба на нова монтажна училишна зграда во ПУ Каратманово;
- Реновирање на подрачните училишта со подобрување на ентериерот и екстериерот;
- Адаптирање на училница за наставата по ФЗО;
- Изградба на спортска сала во централното училиште:
- Опремување со современа дигитална технологија на сите училници во централно и подрачни училишта.
- Опремување на сите училишта со стабилен и брз интернет.

1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Училиштето се наоѓа на магистралниот пат Велес-Штип во централниот дел на општина Лозово и ги опфаќа учениците од реонот на Општина Лозово. Зградата на централното училиште е лоцирана во Лозово, а останатите 4 училишни згради ги претставуваат подрачните училишта во: с.Дорфулија, с.Каратманово, с.Милино и с.Сарамзалино во кои се одвива одделенска настава.

Во непосредната околина на училиштето се наоѓа нова детска градинка „Срцко", нова спортска сала и отворени спортски терени за практикување спортски и рекреативни физички активности, општинската зграда и поштата.

Како училиште со помал број ученици за разлика од другите училишта од соседните општини можеме да кажеме дека се препознаваме по негување на мултикултурното и мултиетничко разбирање, почитување и соживот, како и воспоставување на меѓуетничка толеранција водејќи се од идејата за меѓусебно разбирање и почитување меѓу етникумите, културите, националностите. Во нашето училиште низ воспитно-образовниот процес се опфатени ученици од различна етничка припадност: македонци, турци, албанци, бошњаци и наставници македонци и власи. Наставата во сите училишта се изведува на македонски наставен јазик.

Нашето училиште е лидер во регионот по учество во ERASMUS + проекти. Во моментот на подготовка на Развојната програма во тек се повеќе проекти преку кои учениците и наставниците се запознаваат со воспитно-образовните системи на повеќе држави во светот.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 19 | 1 | вишо | 19 | високо | / | магистер |
| | Предметна настава | 11 | / | вишо | 11 | високо | / | магистер |
| Раководен кадар | 1 директор<br>1 помошник директор | | / | вишо | 2 | високо | / | магистер |
| Стручни соработници | 1 психолог<br>1 педагог<br>1 дефектолог | | / | вишо | 1 | високо | 2 | магистер |
| Административни службеници | 1 секретар<br>1 сметководител | | 1 | средно | / | високо | 1 | магистер |
| Помошен и технички кадар | 7 хигиеничари<br>1 хаус-мајстор<br>1 ложач на парни котли | | 2<br>4<br>1 | основно<br>средно<br>вишо | / | високо | / | магистер |

2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 8 | 4 | 2 | / | 4 | / |
| Од 10 до 20 години | 7 | 5 | / | 1 | 3 | 2 |
| Од 20 до 30 години | 4 | 1 | 1 | / | 1 | / |
| Повеќе од 30 години | / | 1 | / | 1 | 1 | / |
| Вкупно | 19 | 11 | 3 | 2 | 9 | 2 |

2.3.Простор

| Простор | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Училници/ централно | 7 | 60 м2 | 4 | Има потреба од соодветно, ново енергетски ефикасно осветлување, нов училишен мебел, реконструкција на подови, ѕидови и плафони |
| Училници / подрачни | 12 | 30 м2 | 3 | Има потреба од соодветно осветлување и мебел (дел од училниците имаат потреба од реконструкција) |
| Кабинети | 4 | 60 м2 | 4 | Има потреба од соодветно, ново енергетски ефикасно осветлување, нов училишен мебел, реконструкција на подови, ѕидови и плафони. |
| Сензорна соба | 1 | 10 м2 | 3 | Има потреба од асистивна технологија, дидактички средства и инвентар. |
| Библиотека | 1 | 18 м2 | 3 | Има потреба од: нов инвентар, полици, дигитализација, лектири. |
| Медиатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 650 м2 | 5 | Има потреба од набавка на парен котел за докомплементирање на системот за загревање(секундарна мрежа). |
| Канцеларија/ директор | 1 | 10 м2 | 4 | Има потреба од клима-уред |
| Канцеларија/ | 1 | 13 м2 | 3 | Има потреба од соодветно осветлување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наставничка | | | | и нов мебел |
| Канцеларија/ Стручна служба | 1 | 10 м2 | 3 | Има потреба од замена на канцелариски мебел |
| Канцеларија/ секретар | 1 | 10 м2 | 4 | ////// |
| Канцеларија/ сметководител | 1 | 10 м2 | 3 | Има потреба од замена на канцелариски мебел |
| Училиштен двор | 1 | 1275 м2 | 2 | Има потреба од: оградување на училишниот двор во централното училиште; хортикултурно уредување на зелените површини, корпи за отпадоци, жардињери, изградба на едукативни полигони. |
| Трпезарија | 1 | 10 м2 | 3 | /// |
| Подрум | 1 | 220 м2 | 2 | Потреба од: поставување дренажен систем, подна и ѕидна хидроизолација, реконструкција на ѕидови и подови, инвентар и опремување на работилница за хаус-мајстор. |
| Просторија за парно-котел | 1 | 10 м2 | 3 | /////// |

2.4. Опрема и наставни средства согласно документот од МОН “Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства во основно училиште“

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Математика/физика | Кабинет опремен со современи нагледни средства – интерактивен панел | Целосно е опремен |
| Биологија/хемија/Природни науки | Кабинет опремен со современи нагледни средства– интерактивен панел | Целосно е опремен |
| Техничко образование | Кабинет опремен со– интерактивен панел и компјутери | Има потреба од нови компјутери за учениците |
| Училници за одделенска настава | Опремени со смарт-табли, лцд проектори и телевизори. | Има потреба од современи нагледни средства, опрема за драмска секција, костими за играорна, полици и шкафови за одложување на материјалите на учениците и наставниците. |
| Кабинет по музичко образование/географија | Опремен со музички инструменти и интерактивен панел, глобуси. | Има потреба од доопремување со уште музички инструменти |
| Сензорна соба | Опремена | Има потреба од набавка на асистивна технологија, дигитални книги и дидактички материјали |
| Кабинет по историја/француски ј | Опремен со интерактивен панел, карти | Има потреба од дополнително опремување со дидактички материјал |
| Кабинет по македонски јазик | Опремен со интерактивен панел | Има потреба од дополнително доопремување на реквизити за потребите на драмска секција |

## 2.5.Материјално-финансиско работење на училиштето

Нашето училиште редовно и навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата од Стручните активи и се планираат во Развојната програма на училиштето.

Од пописните листи се согледува моменталната состојба на материјално-техничките потреби и средства на училиштето. Опременоста со нагледни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигнување на квалитетот на наставата, зголемување на мотивираноста за работа на наставниците и целосно реализирање на наставните програми.

Во текот на годината изготвува финансиски план за своите сметки според кој однапред се планираат средствата за потребите на училиштето.

Училиштето навремено ги планира и обезбедува материјално-финансиските средства преку наменската сметка 903. Тука се и постоечките капитални средства, опрема, други материјални средства, компјутерска опрема и ситен инвентар.

Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.

Во изминатиот период во училиштето е направена значителна позитивна промена како во поглед на реконструкција, фасадирање и уредување на училишната зграда (централно училиште), така и во поглед на осовременување на наставата со комплетно уреден кабинет по биологија/хемија, смарт-табли и интерактивни панели во училници (во централното и во подрачните училишта). Во централното училиште изградена е спортска сала опремена по најсовремени стандарди.

Инфраструктурата на училиштето има потреба од осовременување, реконструкција и разубавување. Затоа постојано се бараат и други извори на финансиска помош од МОН, амбасади, бизнис-сектор , преку проекти и сл.

Планот за јавни набавки се остварува преку постапка утврдена со Закон за јавни набавки. Се применуваат Правилници и Закон за финансиско работење на училиштето, како и тендерски постапки.

## 3.Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

### ❖ Подрачје на работа на училиштето и наставна програма

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставна програма | Основано | Датум на верификација | Број на одд. и паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование | Национална програма | 1965 година | 06. 06.1986 год.<br>Со акт бр.1002-510 | 9 / 21 |

### ❖ Фрекфенција на упис на првачиња во изминатите години и вид на наставна програма

| ***Наставна програма*** | ***Вид на настава*** | ***Учебна година*** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 |
| **Деветгодишно основно образование** | Класична настава | 24 | 32 | 27 | 22 |
| **Кембриџ програма** | Класична настава | 24 | 32 | | |
| **Нова наставна концепција** | Современа интерактивна настава | | | 27 | 22 |

Задолжително деветгодишно образование се воведе во Македонија во 2007 година, согласно Концепцијата за деветгодишно основно образование и воспитание. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години. Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја наставна тема.

Покрај тоа воведени се и повеќе наставни предмети:

**Англиски јазик** во I одделение како задолжителен предмет: **втор странски јазик** во VI одделение како задолжителен предмет; **Иновации** во IX одделение како задолжителен предмет; **Работа со компјутер и основи на програмирање** во III и IV одделение како задолжителен предмет; **Творештво** во IV и V одделение како изборен предмет; **Информатика** во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VII и IX одделение како изборен предмет; **Етика во религиите**; **Запознавање со религиите**; **Класична култура во Европските цивилизации** во VI одделение и други изборни предмети; **Нашата татковина** ; **Воспитание за околината**; **Истражување за родниот крај**; **Танци и ора**; **Техничко образование**; **Изборен спорт**; Проекти од информатика. Освен тоа беше изготвен и Прирачник за животни вештини за часот по одделенска заедница .

Од учебната 2014/15 г беше воведена и прилагодена верзија на наставните предмети според Кембриџ-програмите за математика и природни науки од прво до шесто одделение и за математика, физика, хемија и биологија за учениците од седмо до деветто одделение.

Учебници за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник. Со новите измени во образовниот систем во РСМ изготвен е стратешки документ Стратегија за образованието 2016 / 20 г.

Во март 2021 г се воведува и **Нова наставна концепција** за учениците од I и IV одделение (првично) креирана со цел да се направат темелни промени во пристапот кон образованието како: подобрување на исходот од воспитно-образовниот процес (подобрување на јазичната и математичка писменост, ставање акцент на истражувачка настава, стекнување трајни и применливи знаења), развој на критичко размислување, поттикнување креативност кај учениците, намалување на бројот на наставни предмети и нивна интеграција (два во еден) а со тоа

намалување и број на часови, оставање доволно време за други активности каде наставникот осмислува задачи со кои ученикот ги постигнува дневните цели кои не успеал да ги постигне на часот или пак има потреба од додатни активности кои ќе ги прошират постоечките (научени) работи. Новиот наставен концепт сукцесивно ќе се применува во наредните образовни години кај учениците(оваа учебна година започна да с еприменува  во II и V одделение).

Воведени се слободни изборни предмети креирани според желбите и потребите на учениците а согласно можностите на училиштето.

Изборните предмети: Оригами, Сообраќај, Градинарство и хортикултура и Емоционална писменост се предмети кои учениците избраа да ги изучуваат во учебната 2022/23 година. Програмите за предметот Емоционална писменост (акт бр.08-1789/2 од 05.10.2022г ), Оригами ( акт бр.08-1906/2 од 14.10.2022 г ) и Сообраќај (акт бр. 08-1742/2 од 22.09.2022г) беа изработени од тимови наставници од нашето училиште, а одобрени од БРО.

❖ Број на ученици запишани во време на изготвување на Развојната програма

| ***Одд*** | ***Вкупно по етничко потекло*** | | | | | | ***ВКУПНО*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Нац*** | ***Македонци*** | | ***Турци*** | | ***Албанци/Бош.*** | | |
| ***Пол*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | |
| ***I*** | ***9*** | ***11*** | ***1*** | ***1*** | ***/*** | ***/*** | ***22*** |
| ***II*** | ***13*** | ***8*** | ***2*** | ***3*** | ***1*** | ***/*** | ***27*** |
| ***III*** | ***10*** | ***15*** | ***4*** | ***3*** | ***/*** | ***/*** | ***32*** |
| ***IV*** | ***8*** | ***4*** | ***1*** | ***5*** | ***/*** | ***1 бошњак*** | ***19*** |
| ***V*** | ***10*** | ***10*** | ***1*** | ***2*** | ***/*** | ***/*** | ***23*** |
| ***Вк.*** | ***51*** | ***46*** | ***9*** | ***14*** | ***1*** | ***1*** | ***123*** |
| ***VI*** | ***8*** | ***8*** | ***1*** | ***/*** | ***1*** | ***/*** | ***18*** |
| ***VII*** | ***15*** | ***9*** | ***3*** | ***2*** | ***/*** | ***/*** | ***29*** |
| ***VIII*** | ***4*** | ***7*** | ***1*** | ***2*** | ***/*** | ***/*** | ***14*** |
| ***IX*** | ***6*** | ***10*** | ***2*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***18*** |
| ***VI-IX*** | ***33*** | ***35*** | ***7*** | ***4*** | ***1*** | ***/*** | ***79*** |
| ***Вк*** | ***83*** | ***82*** | ***16*** | ***18*** | ***2*** | ***1*** | ***202*** |

| Одд. | Бр. на паралелки | | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Македонци | | Албанци, Бошњ. | | Турци | |
| | | | | м | ж | м | ж | м | Ж |
| I | 3 чисти и 2 комбинирани | | 22 | 9 | 11 | / | / | 1 | 1 |
| II | 2 чисти и 3 комбинирани | | 27 | 13 | 8 | 1 | / | 2 | 3 |
| III | 2 чисти и 2 комбинирани | | 32 | 10 | 15 | / | / | 4 | 3 |
| IV | 2 чисти и 3 комбинирани | | 19 | 8 | 4 | / | 1 | 1 | 5 |
| V | 2 чисти и 2 комбинирани | | 23 | 10 | 10 | / | / | 1 | 2 |
| VI | 1 чиста паралелка | | 18 | 8 | 8 | 1 | / | 1 | / |
| VII | 2 чисти паралелки | | 29 | 15 | 9 | / | / | 3 | 2 |
| VIII | 1 чиста паралелка | | 14 | 4 | 7 | / | / | 1 | 2 |
| IX | 1 чиста паралелка | | 18 | 6 | 10 | / | / | 2 | / |
| Вкупно | 16 чисти | 5 комб. | 202 | 83 | 82 | 2 | 1 | 16 | 18 |
| | 21 | | 202 | 165 | | 3 | | 34 | |

<table>
<tr><th>Училиште</th><th>Чисти паралелки</th><th colspan="2">Комбинирани паралелки</th></tr>
<tr><td>Лозово</td><td>10</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td>Дорфулија</td><td>5</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Каратманово</td><td rowspan="2">1</td><td colspan="2">2</td></tr>
<tr><td>II- III</td><td>IV- V</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Милино</td><td rowspan="2">/</td><td colspan="2">2</td></tr>
<tr><td>I-II-III</td><td>IV- V</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Сарамзалино</td><td rowspan="2">/</td><td colspan="2">1</td></tr>
<tr><td colspan="2">I -II-IV</td></tr>
</table>

| **Училиште/п.у** | ***М*** | ***Ж*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| Лозово | ***62*** | ***56*** | ***118*** |
| Дорфулија | ***18*** | ***26*** | ***44*** |
| Каратманово | ***10*** | ***10*** | ***20*** |
| Милино | ***10*** | ***6*** | ***16*** |
| Сарамзалино | ***3*** | ***1*** | ***4*** |
| ***Вкупно*** | ***103*** | ***99*** | ***202*** |

| ***Одделенска настава*** | | ***Предметна настава*** | | ***Вкупно*** | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Машки*** | ***Женски*** | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Машки*** | ***Kенски*** |
| ***62*** | ***61*** | ***41*** | ***38*** | ***103*** | ***99*** |
| ***123*** | | ***79*** | | ***202*** | |

| **Деца опфатени во воспитно образовен процес - од 6-14 години-** | |
|---|---|
| Вкупно | **202** |

| **Наставен јазик во училиштето** | |
|---|---|
| **Македонски јазик** | |
| Број на паралелки | 16 чисти + 5 комбинирани |
| Број на ученици | 202 |
| Број на наставниици | 30 |

- Број на ученици во последните четири години

| Учебна година | Одделенска настава | Предметна настава | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|
| **2018/19** | 111 | 82 | 193 |
| **2019/20** | 112 | 82 | 194 |
| **2020/21** | 128 | 82 | 210 |
| **2021/22** | 122 | 86 | 208 |

Детектирани потреби во контекст на Годишен план за вработување:

**-ПОТРЕБА ОД ВОСПИТНООБРАЗОВЕН КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ**

1 стручен соработник - логопед, 1 наставник по математика, 1 наставник по ФЗО (тандем во одделенска настава).

**-ПОТРЕБА ОД ОСТАНАТ КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ**

1 економ-домаќин

## **4. Евалуација на работата на основното училиште**

4.1. Самоевалуација на основното училиште за учебните 2020/21 , 2021/22 година

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програми | ***Јаки страни***:<br>- Наставата во училиштето се изведува според план и програма предложени од БРО и МОН.<br>- Изборните предмети се избираат според утврдена постапка за избор на изборен предмет.<br>- Наставните планови и програми отсликуваат родова и етничка рамноправност кај учениците.<br>- Се прави интегрирање на содржини од различни предмети.<br>- Влијанието на наставниците и родителите врз реализација на наставните програми се отсликува преку бројни воннаставни активности во чие планирање и реализација се вклучени и родителите и учениците , заедно со наставниот кадар.<br>- Планирањата на наставниците се согласно планот и програмата предложени од БРО и МОН а со поддршка од Педагошко-психолошката служба на училиштето.<br>- Наставниот процес се изведува во училници и опремени кабинети согласно наставниот предмет.<br>- Училиштето има воспоставено процедури и начини на информирање на : Совет на родители, родители, ученици и локална заедница за сите активности кои се планираат и реализираат во училиштето.<br>***Слаби страни:***<br>- Комбинираните паралелки го намалуваат квалитетот на наставата;<br>- Некои наставници не изготвуваат план за додатна и дополнителна настава согласно потребите и можностите на учениците;<br>- Да се подобри информатичката писменост кај учениците и наставниците. |

| | |
|---|---|
| | |
| Постигнувања на учениците | ***Јаки страни***:<br>- Успешно се детектираат ученици на кои им е потребна поддршка во учењето;<br>- Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште;<br>- Наствниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците;<br>- Систематски се следи , споредува и анализира состојбата со успехот на учениците од еден во друг образовен период;<br>- Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност.<br>- Стручната служба ги анализира причините за отсуство и навреме превзема конкретни активности со цел подобрување на редовноста на учениците.<br>***Слаби страни:***<br>- Наставниците не се доволно едуцирани за работа со деца со ПОП;<br>- Стручната служба не е доволно обучена за идентификација и работа со ученици со ПОП |
| Учење и настава | ***Јаки страни***:<br>- Квалитетно изработена Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Целосна реализација на Годишната програма;Квалитетно изработени годишни планирања на наставниците;<br>- Успешна соработка на наставниците и стручната служба;<br>- Примена на разни наставни методи и техники ;<br>- Континуирана соработка со родителите;<br>- Изработени анализи за постигнувањата, редовноста и дисциплината по сите наставни предмети и по квартали;<br>***Слаби страни:***<br>- Недоволна опременост на кабинетите со техничка опрема |

| | |
|---|---|
| Поддршка на учениците | ***Јаки страни***:<br>- Подеднакво се води грижа за благосостојбата на сите ученици;<br>- Во училиштето постои механизам за навремено справување со конфликти и секаква форма на насилство;<br>- Постои добра соработка со ЈЗУ „Ѓорги Гаврилски“ од Св. Николе, ПЗУ „Вивамед“ , Стоматолошка ординација „Ројал-дент“ МВР Св. Николе и др<br>- Се организираат хуманитарни акции за помош на социјално загрозени семејства на наши ученици;<br>- Училиштето ја поврзува инклузивноста;<br>- Училиштето идентификува, следи и превзема мерки за поддршка на ученици со ПОП;<br>- Училиштето им помага на учениците за нивниот иден професионален развој.<br>***Слаби страни:***<br>- Неприлагоденост на инвентарот во ПУ Милино кон возраста на учениците;<br>- Небезбедност на објектот и пристапниот пат до училиштето во ПУ Милино;<br>- Недоволна безбедност на пристапот кон училиштето во с.Дорфулија<br>- Недостасуваат знаци за забрането внесување алкохол, цигари и енергетски пијалоци во училиштата. |
| Клима во училиштето | ***Јаки страни***:<br>- Одлична соработка помеѓу наставниците и учениците;<br>- Еднаков третман на сите ученици;<br>- Еднаков третман на вработените;<br>- Сите ученици се застапени на сите манифестации;<br>- Решавање на промлемите во соработка со наставник-родител<br>- Мотивирачка и релаксирана атмосфера за работа.<br>***Слаби страни:***<br>- Недоволно ангажирање на ученичката заедница и останатите ученици во организирање на разни активности;<br>- Недоволна отвореност на одделни ученици кон своите родители и наставници. |

| | |
|---|---|
| Ресурси | ***Јаки страни***:<br>- Училиштето располага со доволен број на лектири и слободна литература;<br>- Сите простории се соодветни за изведување настава;<br>- Има постојана поддршка од стручните соработници;<br>- Училиштето обезбедува професионален и кариерен развој;<br>- Училиштето е опремено со современи наставни средства за реализација на наставата;<br>- Комплетно опремена спортска сала по највисоки стандарди;<br>- Училиштето работи на проекти од повеќе области;<br>- Училиштето редовно ги известува своите вработени за финансиското работење:<br>***Слаби страни:***<br>- Недостиг на квалитетна интернет конекција;<br>- Недоволно обуки и семинари за наставници од страна на МОН и БРО. |
| Раководење, управување и креирање политики | ***Јаки страни***:<br>- Доследно спроведување на Законот за основно образование;<br>- Добра соработка помеѓу Директорот и Училишниот одбор;<br>- Континуирана соработка помеѓу Директорот и Советот на родители;<br>- Конструктивна соработка помеѓу : Директор, стручна служба, наставници и родители;<br>- Вклученост на училиштето во проекти од различни области;<br>- Успешна реализација на приоритетите , планирани во последната Развојна програма на училиштето.<br>***Слаби страни:***<br>- Обезбедување на повеќе финансиски средства за професионално усовршување на наставниците; |

4.2.Интегрална евалуација на основното училиште спроведена во 2019 година

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | ***Јаки страни***:<br>- Поголем дел од наставниот кадар е подготвен за перманентно стручно усовршување и отворен за промени и користење на современи форми и методи во наставата и користење на ИКТ<br>- Слобода на учениците при избпр на изборните предмети<br>- Максимална искористеност на нагледните средства<br>***Слаби страни:***<br>- Наставниот кадар во училиштето не е едуциран за работа со деца во комбинирани паралелки<br>- Училиштето нема нова програма за развој<br>- Во училиштето нема формирано и регистрирано спортски клуб<br>- Во училиштето нецелосно се овозможени услови за примена и реализација на ИКТ во ВОП и недоволна примена на ИКТ во наставата од страна на наставниците |
| Постигнувања на учениците | - ***Јаки страни***:<br>- Родителите редовно и на разни начини се известуваат за напредувањето на учениците<br>- Следење на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност во сите квартали од годината<br>- ***Слаби страни:*** |
| Учење и настава | ***Јаки страни***:<br>- Меѓусебно почитување и неселективен однос на наставниците кон учениците во наставниот процес без разлика на половата, социјалната и етничката припадност.<br>***Слаби страни:***<br>- Недоволна заинтересираност за учење кај некои ученици |

| | |
|---|---|
| Клима во училиштето | ***Јаки страни***:<br>- Постои добра соработка помеѓу наставниците, раководниот кадар, учениците и родителите<br>***Слаби страни:***<br>- Во училиштето нема обучени наставници за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето<br>- Во училиштето не се изведува секоја календарска година симулација за евакуација на вработените и учениците во случај на пожар и други елементарни непогоди . Последен пат е изврешна во 2012 г. |
| Ресурси | ***Јаки страни***:<br>- Значително подобрување на условите за работа со воведување на парно греење во матичното и подрачните училишта<br>***Слаби страни:***<br>- Согласно изготвениот план за евакуација во случај на елементарна непогода во училиштето нема обележано во ходниците и скалите насоки за движење кон излезите на училиштето;<br>- Не е сервисирана громобранска инсталација подолг временски период |
| Раководење, управување и креирање политики | ***Јаки страни***<br>- Раководниот орган ја организира работата во училиштето согласно Закон<br>***Слаби страни:***<br>- Нема партнер училиште од проектот МИО<br>- Училиштето има изготвено Статут бр 01-397/2 од 30.12.2011 г за кое има согласност од МОН, но истиот не е усогласен и не се имплементирани новите законски измени и дополнувања |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште

### ❖ *ЛОКАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО*

Училиштето е во континуирана соработка со  културни, образовни установи, невладини организации, спортски здруженија и др. Преку процесот на планирање и организација училиштето настојува да биде креатор на својата иднина. Во планирањето и развојот на севкупниот воспитно-образовен процес треба да бидат вклучени сите субјекти од интерната и екстерната средина на училиштето (учениците, родителите, наставниците, локалната самоуправа, невладините организации, бизнис-секторот, државата) со цел да се постигнат врвни резултати и истовремено да бидат задоволени потребите на претходно спомenatите субјекти. Училиштето кое се стреми да биде пример со својата воспитна-образовна дејност, постојано треба да се преиспитува колку е доследно во остварувањето на својата визија и колку се доследни и функционални промените кои ги воведува и применува за воспоставување квалитетен воспитно-образовен систем. Во овој целокупен процес најголемо значење има залагањето на наставниците. Под залагање се подразбира стручни (професионални) умствени и физички активности, вложени напори и сили, што ги планира и реализира наставникот, како и неговото севкупно однесување како личност и стручњак, со кои тој настојува да ги извршува сите обврски што произлегуваат од работното место.

Во текот на учебната година, наставната програма по одделни предмети, налага посета на културни институции.

Нашето училиште ќе остварува соработка со следниве културни институции од опкружувањето:

- Народен театар „Ј.Х.К – Џинот“ Велес
- Македонски Народен Театар - Скопје
- Театар за деца и млади - Скопје

- Народен музеј - Св.Николе
- Дом на културата „К.П.Мисирков“ Св. Николе
- Археолошки музеј-Скопје
- Фестивал „Златно славејче“ и др.

Носители на овие активности ќе бидат учениците, одделенските наставници и предметните наставници. Континуирано ќе се следат повици за учество на разни конкурси, учество на културни манифестации и сл.

Покрај овие институции, а со цел подобрување и унапредување на психо-физичкото и емоционално здравје на учениците, ООУ „Методи Митевски – Брицо“ постојано ќе соработува со здравствените установи во Општина Лозово, Св.Николе и Велес преку редовен систематски прегледи на учениците. Се предвидуваат здравствено-едукативни предавања во врска со промоција на здрав начин на живот.

❖ **Институции од околината со кои се предвидува соработка се:**

- Локална самоуправа на Општина Лозово
- Општинска организација на Црвен крст, Свети Николе
- ПОУ „Маца Овчарова“ Велес
- ТППЕ Свети Николе
- Центар за јавно здравје, Велес, заради спроведување на систематски преглед на вработените во училиштето идезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните простории
- ПЗУ „Вивамед“ ординација по општа пракса, која непосредно се грижи за здравјето на нашите ученици
- Ројал-дент стоматолошка ординација. Заедно со ПЗУ „Вивамед“ и Аптека „Маринела“ неколку години по ред придонесуваат во доделување на награди за ученикот - првенец на генерацијата.

- Аптека „Маринела“

Овие институции, покрај тоа што се грижат за здравјето на учениците, поттикнуваат и организираат и креативни работилници и конкурси. Ги мотивираат учениците да творат – ликовно и литературно на одредена тема и доделуваат симболични награди за сите учесници. Овој вид на соработка ќе продолжи и во иднина.

## ❖ *НАЦИОНАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО*

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се:

- МОН , БРО , ДПИ , ДИЦ
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- Агенција за вработување
- Државен завод за статистика
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа
- МВР, Сектор за превенција
- Републички совет за безбедност на сообраќај на патиштата.

## ❖ *МЕЃУНАРОДНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО*

Поаѓајќи од нашата визија дека остварувањето на надежта за квалитетно образование на децата и младите поттикнува соживот меѓу различните националности и етничка припадност ние веруваме дека образованието значи референтна рамка за градење на систем на вредности кои во себе вклучуваат димензија на мултиетничка

соработка и толеранција. Тој систем на вредности ќе се воспоставува со ефективна соработка и на меѓународен план.

**Меѓународни институции со кои училиштето соработуваше и ќе соработува во иднина се:**

- Училишта од Европа во рамки на партнерствата за соработка на европски образовни проекти(Еразмус+ програма)
- Француски институт – Скопје, Француска амбасада-Скопје
- Национална агенција за европски образовни програми на Р.Романија
- Национална агенција за европски образовни програми на Р.Франција
- Национална агенција за европски образовни програми на Шпанија
- Американски мировен корпус
- USAID
- Јапонска амбасада, Скопје
- Германска амбасада, Скопје

## ❖ *ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ*

Училиштето ќе соработува со локалната заедница во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично. Кога станува збор за Локалната самоуправа, бидејки сме едно училиште во нашата општина може да се каже дека нашата соработка и комуникација е на одлично ниво. Редовно се одржуваат состаноци поврзани со успехот на учениците, хигиената

во училиштето. Се разговара што може да се направи за подобрување во целокупното работење и функционирање на училиштето. За состаноците навреме се известува и тие секогаш ќе бидат  од заеднички интерес. Во комуникацијата со локалната самоуправа можат да се набројат и некои настани организирани од страна на Општината или училиштето. Такви се следните активности:

- Свечена приредба по повод првиот училишен ден и прием на првачињата;
- Детска недела, културна програма и спортски активности;
- Недела на толеранцијата;
- 8 ми Март-Ден на жената
- Соработка со Градоначалникот на општина Лозово и локалната самоуправа во врска со Erasmus + проектите кои ќе се реализираат во училиштето;
- Активности со учениците и  прием на гости на Транснационални средби и мобилности ;
- Промоција на локални вредности, знаменитости  на меѓународен план преку проекти;
- Одбележување на денот на Општина Лозово;
- Новогодишен базар и приредба на учениците;;
- Учество на литературни и ликовни конкури со доделување награди и пофалници за најдобрите творби;
- Соработка во врска со спроведување на општествено-корисна работа на училиштето;
- Еко програма;
- Одбележување на ,,Денот на планетата Земја”
- Учество во акцијата ,,Македонија без отпад”
- Проект за компостирање „Од отпад до храна“  во соработка со Локалната самоуправа и консултантка за управување со отпад-учење за добрите практики за справување со отпадот во руралните општини во Словачка.

## ❖ *ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО НАЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ*

